

# Реконструкција на главната улица во с.Козјак

Нов асфалт доби улица во должина од 600м, со вредност од 2.904.769 денари во с.Козјак. Согласно нашата програма за локални улици и патишта реализиравме уште еден проект кој што е значаен за жителите на с.Козјак.







## Фудбалски натпревар



**ФК КАРБИНЦИ – ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО**

**3:0**

# Реконструкција на локалниот пат с.Таринци – с.Долни Балван

Патот Таринци - Долни Балван е еден од најважните проекти во историјата на општина Карбинци.
Застарената патна инфраструктура во овој дел беше главен проблем за околното население.
Повеќе од 50 години стар локален пат за прв пат ќе добие нов уреден лик со нова осветлена велосипедско пешачка патека!



# ОПШТИНА КАРБИНЦИ

Граѓански информатор

Октомври, 2023

www.karbinci.gov.mk



# НОВО ДЕТСКО КАТЧЕ ВО С.КРУПИШТЕ



Комплетно е завршено и пуштено во употреба детското игралиште во с.Крупиште.
Во рамки на игралиштето поставена е модерна тартан подлога и нови детски реквизити!
По барање на жителите, ова е целосна инвестиција на општина Карбинци со вредност од 1.000.000 денари, средства издвоени од буџетот на општина Карбинци.

*Се грижиме!*

**ЗА НАЈМЛАДИТЕ, ИНВЕСТИРАМЕ ВО ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА СИТЕ ДЕЧИЊА ВО НАШАТА ОПШТИНА!**








# Исчистени дивите депонии во Општина Карбинци

Проектот за целосно затворање на дивите депонии се завршува со хортикултурно уредување и порамнување на истите.

*Повеќе нема диви депонии во Општина Карбинци*



# ОГРАДУВАЊЕ, ОСВЕТЛУВАЊЕ И МАПИРАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ БАРГАЛА

Се работи интензивно на проектот за осветлување, оградување и мапирање на локалитетот „Баргала" во општина Карбинци.





*Наскоро*

**ОВА ЗНАЧАЈНО АРХЕОЛОШКО НАОЃАЛИШТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ЌЕ ИМА ЕДНО ЦЕНТРАЛНО МЕСТО НА ТУРИСТИЧКАТА МАПА И ЌЕ БИДЕ ДОСТАПНО ЗА ПОСЕТИТЕЛИТЕ!**

